- Формирање две групи ученици, кои поддржуваат спротивни ставови во однос на прашањето.
- Одржување расправа со размена на аргументи.
- Сумирање на најзначајни податоци на аргументацијата на секој тим.

Се забележува дека:

А) Секој тим треба да определи координатор и секретар.

Б) Од самиот почеток треба да се определи тричлена комисија за координирање и проценка на расправата. Тричлената комисија ја проценува работата со разни критериуми како што се: јасно изразување на мислења, убедливост во аргументацијата, документирање на ставови итн.

В) Пред одржувањето на расправата, секој тим треба да ги изготви во текст (во вид на листа), мислењата кои што ќе ги поддржи и аргументите кои што ќе ги користи. Тимовите ја разменуваат листата на своите мислења.

Г) Секој ученик дел на група, треба да биде подготвен да одбие аргумент на другата група.

Д) Расправата започнува со воведна координаторот во темата и првата група да го поставува својот прв аргумент. Втората група одбива итн.

Пребарување информации

Во конкретната наставна техника, учениците за да приберат податоци и надзорен материјал (на пример фотографии, планови, карти), се обраќаат до извори за информации како што се:

- Печатени изданија (книги, енциклопедии, дневен и периодичен печат, информативни брошури итн).
- Аудиовизуелен материјал (ЦД-РОМ, ДВД-РОМ, ленти, аудио документи, и друго).
- Интернет.
- Организации и индивидуални лица.

Наставникот дава децидни упатства на учениците во врска со материјалот кој ќе го побараат и посочува дека еден брз начин на разбирање, доколку тоа ги засега или не, е доброто читање на табелата со содржини. Ги поттикнува исто така, да ги разгледаат скиците, картите, слики, фотографскиот материјал кој е содржан во изворите кои што ги најдоа, со цел да разберат дали прашањето ги засега. Им објаснува на учениците дека можат да користат мали непреработени делови од текстовите кои ги проучуваат (со наведување на изворот) или да ги користат како база за да изготват сопствени текстови. Особено значење се придава на објаснување на начинот на кој учениците ќе се осврнат на изворите коишто ги користат.

Дилема

Со наставната техника на дилема се поставува како цел учениците да станат способни да заземаат и поддржуваат конкретен став за отстранување на дилема. Во дилемата накратко се опишува една проблематична состојба, конкретна, реална или хипотетична која што секогаш има етичка димензија.

Учениците, соочувајќи се со дилема лично учествуваат во неа, дознаваат како слободно да ги изразуваат своите ставови, развиваат способности за комуникација бидејќи постои интерактивност со нивните соученици, ја разбираат проблематичната состојба, бидејќи ги вкрстуваат своите ставови, ги појаснуваат нивите вредности и ги зацврстуваат нивните уверувања. При соочување со дилема се создаваат поларизации и судири бидејќи ставовите, на почеток се само два, да или не, добро или лошо решение. Наставникот треба да се погрижи преку ваквата контролирана и состојба на конфронтации, учениците да се доведат до отстранување на дилемата.

Дилемата е технички сродна со дебатата, но се разликува што се однесува до постапката т.е. текот кој се следи при развивање на двете стратегии. Исто така, дебатата е фокусирана во изнаоѓање аргументи (поттикнување на знаење), во дилема, ученикот се повикува да заземе став послушајќи ги своите подлабоки вредности (поттикнување на сентименталниот сегмент).

Кај техниката на дилема се следи долунаведената постапка:

Вовед во дилема: учениците го проучуваат прашањето кое се третира. Наставникот ги поставува основните прашања со цел да им помогне на учениците да ја разберат дилемата, т.е. да определат лица или групи кои земаат учество, да ги проучат вредностите кои ги подржуваат ставовите на главите актери итн. Цел на оваа расправа е промовирање на различни ставови.

Разговор во групи: учениците формираат толку групи колку што се и основните ставови кои произлегоа од разговорот во училница. Секоја група определува еден секретар и еден претставник за сите учесници во училницата. Групата проучува и предлага едно решение за дилемата, кое го образложува.

Разговор во училница: ретставникот на секоја група го презентира и образложува ставот на својата група во училница.

Нова расправа во групи: учениците членови на групите ги преиспитуваат своите ставови, земајќи ја во предвид расправата во училница и, доколку е потребно, истите ги ревидираат.

Нова расправа во училница: претставникот на секоја група ги презентира во училница крајните ставови на својата група како што истите произлегоа и ги објаснува причините поради кои членовите на својата група остануваат на нивниот почетен став или го ревидираат.

Составување: Наставникот ги повикува учениците да ги сумираат главните решенија изнесувајќи ги своите аргументи.

Опсипување на идеи

Опсипувањето на идеи се состои од повеќестрано разгледување на прашање или главен поим, преку поттикнување на учениците да пристапат кон слободно, спонтано изразување на идеи. Не игра улога дали се запознати со прашањето. Се бара да отповикаат претходни нивни идеи во однос на прашањето. Производот од опсипувањето на идеи, кое се препорачува да се напише на табла, како и коментарите коишто следат, имаат за цел откривање на повеќекратни аспекти на едно прашање, решавање на еден проблем, збогатување на знаења, промена или зацврствувње на уверувања.

Постапките коишто се следат од страна на наставникот за реализирање на ваквата наставна техника се даваат во продолжение:

- Напишете го на табла прашањето на опсипување на идеи, на пример "*Што се копнени екосистеми?*". Соопштете ја техниката и целта на учениците, на пример "*Ќе применуваме опсипување на идеи, т.е. ќе предложите колку што можете повеќе идеи како одговор на прашањето напишано на табла. Овие идеи ќе ни дозволат да се воведеме во проучување на прашањето*".
- Го утврдувате траењето на опсипување на идеи, на пример "*Ќе работиме 45 минути*".
- Го пропишувате продолжението на постапката, на пример "*Кога ќе прибереме колку што е можно повеќе идеи, ќе ги групираме согласно одредени критериуми, а во продолжение ќе ги искористиме за презентирање на прашањето*".
- Дефинирајте ја вашата улога, на пример "*Се наоѓам тука како координатор, ќе ги запишувам сите ваши идеи на табла, а исто така, ќе се грижам за почитување на правилата*".
- Поставувате и појаснувате правила и ги запишувате на табла.
- Ја координирате постапката, тоа значи дека им давате збор на учениците и г забележувате на табла сите зборови кои се слушаат, без критика, толкување или класификација. Додека ги пишувате, гласно ги читате, избегнувајќи посочување на зборови.
- Предлагате критериуми за групирање на идеи.
- Разговарате детално за секоја идеа. Ги потенцирате идеите кои кореспондираат со критериуми и ги бришете идеите кои не се поврзани со нив.
- Ги групирате идеите согласно критериумите кои ги поставивте.

Правилата на опсипување на идеи

- Особено е важно спонтаност во изразување на идеи.
- Изразување изворни и невообичаени идеи треба да се охрабрува.
- Не е дозволена критика или проценка на идеи во текот на траењето на нивното изразување.
- Идеите може да се изразуваат без да се почитува некаков редослед.

Проучување на терен

Проучувањето на терен се однесува на активности на ученици, коишто се реализираат вон училницата, на отворени или други простори. Цел на проучување на терен е, учениците, користејќи ги сите свои сетила, да забележат, приберат и евидентираат податоци и да се стекнат, преку постапка за истражување, со искуства и знаења.

Работата која ќе ја изведат учениците на терен може да биде разновидна бидејќи учениците евентуално може да учествуваат: а) во еден вид на истражување, б) во еден преглед, в) во опис на просторија, објект, предмет, итн., кои што неможат да ги забележат во училница (на пример забележување и опишување на сончев пасивен систем или на фарма).

Како сите методи за учество, така и проучувањето на терен, претпоставува систематска и внимателна подготовка од страна на наставникот. Со цел проучувањето на терен да биде ефикасно, наставникот треба да се погрижи работењето да биде разграничено. Активностите на учениците претходно испланирани и конкретни, а излетот добро испланиран и организиран.

Планирањето и реализирањето на проучување на терен содржи три стадиуми: подготовка, реализирање и составување- презентирање во училница. Подетално:

Ста диум 1- Подготовка

Подготовката се однесува на активностите на наставникот, индивидуални како и во соработка со своите ученици.

1. Индивидуални активности на наставникот

- Идентификува соодветни прашања за проучување на терен во рамките на проектот за едукација за животна средина кое го реализира со својата група или во секојдневна наставна пракса, во рамките на еден или повеќе училишни предмети.
- Ги разгледува местата на престојување на учениците и ги истражува евентуалните местоположби за проучување на терен. Ваквите местоположби може да се наоѓаат блиску до околината на учениците или региони коишто се наоѓаат доста подалеку.
- Ги идентификува реоните кои се нудат на почеток и создава архив за секој еден од нив, со евидентирање на податоци како што се: името, местото каде што се наоѓа, пристап до него, што може да понуди на ниво на учење итн.
- Го избира најсоодветниот реон и самиот реализира прелиминарна посета со цел да се запознае со предметот на проучувањето. Собира корисни информации за начинот на пристигнување, времето кое ќе биде потребно како и трошокот за транспорт, проучува прашања за безбедност на ученици, престој и исхрана, раз гледување или не на пределот, евентуалните маршути, предметите коишто треба да ги разгледаат учениците и времето кое што е потребно итн.

- Го подготвува наставниот материјал (активности) за активно учество на учениците во текот на посетата на пределот, но и пред и по посетата.
- Подготвува листа со материјалите коишто се потребни.
- Истражува можности за соработка со други лица или организации, вклучувајќи ги и наставните од неговото училиште.
- Го избира најдоброто време за реализирање на проучување на терен.
- Решава прашања поврзани со обезбедување дозвола за посета на терен, доколку е потребно.
- Ги определува придружниците кои ќе ги надгледуваат учениците.
- Го информира директорот на училиштето како и родителите на учениците.

2. Активности на наставникот во соработка со учениците

Наставникот им ја објаснува на учениците техниката на проучување на терен, доколку учениците не се запознати со прашањето, и ги поставува правилата. Поконкретно организира прелиминарен разговор со цел да се утврдат:

- Предметот на проучување на терен.
- Прашањата на кои треба да им се даде одговор, како резултат на забелешките коишто ќе се направат на терен.
- Местото каде што ќе се реализира проучувањето на терен.
- Начинот на кој ќе се реализира.
- Активностите коишто ќе бидат реализирани (доколку е предвидена работа во групи секоја група треба да преземе конкретни активности).
- Изворите на информирање коишто ќе бидат користени.
- Траењето на посетата.
- Материјалите и опремата коишто ќе бидат потребни (на пример карти, термометри кеси за земање примероци, дрвени боици или фломастери итн).
- Соодветна облека за учениците (на пример кабаница, капа, чизми, и др.), паричните средства кои се потребни, исхрана.
- Правила за однесување. Посетата на учениците треба да предизвика минимално можно вознемирување на чинителот кој ќе ги пречека учениците (на пример Центар за Информирање), како и на самиот реон.
- Видот на финалниот производ од проучување на терен.

Во оваа фаза, значајно е, наставникот да ја утврди својата улога и да го одобри учеството на учениците. Исто така, корисно е претходно да се изврши презентација во училницата, во однос на пределот кој треба да се проучи, преку која презентација ќе се поттикне интересот на учениците за посетата. Исто така, корисно е учениците да земат учество во планирањето на посетата, подготвувајќи карта, читајќи соодветни статии итн.

Стадиум 2 - Работа на терен

На терен, учениците, во групи или и индивидуално, преземаат реализирање на конкретни активности. Активностите се разновидни а нивниот вид зависи, секој пат, од можностите кои ги нуди пределот. Такви активности може да бидат: забележување и споредување, картографирање, земање примероци, фотографирање, интервјуа, и др.

Стадиум 3 - Составување и презентација во училница

По завршувањето на работата на терен следи работа во училница, каде што се врши обработка и анализа на податоци кои што се прибрани од страна на учениците, која резултира со составување (обработка на собраните податоци, опис на резултати). Во оваа фаза, постои можност учениците да состават извештај во кој ги изнесуваат најосновните точки од нивното истражување, да состават брошури збогатени со фотографии, дијаграми, скици, хистограми итн. или едноставно да го изнесат материјалот кој го собраа, користејќи писмени текстови. На крај следи коментирање и проценка на посетата.

Истражување на случа

Оваа наставна техника се однесува на проучување конкретни примери кои се однесуваат на реални или хипотетични состојби. Во вид на кратки текстови, на ученикот му се презентираат реални или хипотетични примери кои рефлектираат една поширока состојба, со цел длабока анализа и проучување на алтернативни решенија за прашањата кои што произлегуваат.

Проучувањето на случајот има две полиња на примена. Во првото поле, случајот се користи со цел примена на теоретски знаења кои што се стекнати. Во второто поле, случајот се користи кога се уште не е заокружено стекнувањето на неопходните знаења, со цел поттикнување на текот учењето. И во двете полиња за примена преку неуморно проучување на посебниот случај се доаѓа до општи заклучоци:

Поконкретно:

- Наставникот избира еден случај, колку што е можно поблизок до реалноста. Учениците ги користат информациите коишто ги имаат на располагање како и нивното знаење и искуство со цел да го третираат прашањето и да дадат предлози. Работата се одвива во групи со цел да постои интерактивност.
- Наставникот избира еден случај, колку што е можно поблизок до реалноста. Учениците ги користат информациите коишто ги имаат на располагање како и нивното знаење и искуство со цел да го третираат прашањето и да дадат предлози. Работата се одвива во групи со цел да постои интерактивност.

- Учениците (преку претставници на работните групи) го презентираат пред сите останати ученици производот на нивната работа, постапката која ја следеа, тешкотиите со кои се соочија, заклучоците до кои дојдоа. На овој начин, се развива способноста на учениците за решавање проблеми како и нивното критичко и аналитичко размислување. Доколку случајот рефлектира реални состојби, вежбата придонесува и кон насока на трансформирање на ставови.
- Наставникот ги составува главните точки кои што беа презентирани,коментира, појаснува, изнесува дополнителни забелешки. Помага при доаѓање на општи заклучоци и го поврзува конкретниот случај со поширокатa рамка во која припаѓа. На крај, пристапува кон поврзување помеѓу сето тоа што го научија учениците од истражувањето на случајот, сето тоа што претходно го знаеја или ќе го научат во продолжение.

Игра

Со поимот "игра" се мисли, не само на разните групни и индивидуални игри туку и на телесни и духовни шеговити вежби, како што се решавање на крстозбори и ребуси, работа со механички игри, говорни вежби, работа со дрво и глина, цртање, пеење и др. Игрите може да се реализираат во природа или во затворени простории.

Првенствен елемент на играта е задоволството. Доколку ваквиот елемент е изоставен, тогаш не станува збор за игра. Една добра наставна игра може да претставува стартна позиција за активирање на фантазија, размислувања и учење. Исто така со играта ученикот ќе научи да ги почитува правилата.

Најновата педагогија ја смета играта како најважна наставна техника, со која се постигнува стекнување знаења, развивање способности и заземање ставови.

Игра на улоги

Со играта на улогите, учениците толкуваат улоги на конкретни општествени групи или лица во услови кои симулираат една состојба. Учениците учествувајќи во играта на улоги, поцелосно го разбираат проблемот, ги појаснуваат вредностите на групите кои учествуваат и развиваат способности за решавање на проблемот, а истовремено се поттикнува целосно нивно активирање со изразување чувства, а се развива и способноста за преговарање и комуникација. Исто така, погодна е за промена на ставовите на учениците, бидејќи, преку искуството на улогата, постои можност да бидат свесни дека досега не ги третираа правилно одредени состојби или не го разбираат целосно ставот на другите, а тоа значи дека се доведуваат до преиспитување на нивните перцепции и однесување.

Постапката на примената при секоја игра се одвива во три стадиуми:

Прв стадиум1 - Планирање на играта

- Учениците се информираат за проблемот. Го проучуваат материјалот кој го имаат на располагање и прибираат дополнителни информации, обидувајќи се да одговорат на прашања како што се: "*Кој групи учествуваат, каков став имаат, кој се нивните аргументи?*", "*Зашто го имаат конкретниот став?*", "*Кои вредности се наоѓаат зад секој став*?" итн.
- Се изготвува сценариото на играта и се одредуваат улогите.
- Се одредуваат правилата на играта (траење, број на учесници итн).
- Учениците формираат толку групи колку што се и улогите, а секоја група ја обработува својата улога.

Втор стадиум 2 - Реализирање на игра

- Учениците (кои ги толкуваат лицата на расказот) ја одигруваат својата улога согласно сценариото и правилата коишто ги утврдија.
- Во текот на траењето на играта, учениците се обраќаат во прво лице, а во оваа фаза не се дозволени коментари.
- Во текот на траењето на играта, постои можност да се утврди дека документирањето на ставовите кои беа изнесени е некомплетно. Во ваков случај се прекинува играта и повторно почнува кога учениците ќе ги приберат и обработат неопходните информации за документирање на нивните ставови.

Трет стадиум 3 - По играта

По играта на улогите, учениците може да се прошират и во други активности, на пример да ги изразат и соопштат до локалното општество предлозите - решенија кои произлегоа од играта или да организираат јавна трибина итн. Исто така, доколку наставникот смета дека е неопходно може да се реализира проценка на играта, со цел да се идентификуваат тешкотиите и придобивките, кои што ги стекнаа учениците од конкретната постапка. Значајно е да постојат резултати кои ги задоволуваат сите ученици.

За таа цел, по завршувањето на играта, учениците ја напуштаат својата улога и можат да го коментираат искуството и заклучоците до кои дојдоа што се однесува до:

- Искуството од толкување на улоги.
- Динамиката на односите помеѓу лицата чии улоги ги толкуваа.
- Поврзување на вежбата со проблемот кој го третираа.

Наставникот:

- Децидно го утврдува проблемот како и улогите.
- Дава децидни упатства.
- Ги поттикнува учениците да бидат убедливи, автентични и спонтани.
- Се грижи за создавање атмосфера на почитување и слободно изразување.
- Ги сумира и запишува на табла, доколку смета дека е потребно, главните точки на разговорот.
- Пристапува кон финално составување и изведување заклучоци.

Разговор

Разговорот како наставна техника се состои од размена на мислења во однос на едно прашање. Има за цел развој на способноста на учениците што се однесува до надминување на проблеми како и доведување до заклучоци или алтернативни решенија. Корисно е, наставникот да даде, на почетокот на разговорот појаснувања за постапката која ќе следи (времетраење, фази, метод итн). Потребен предуслов за успех на еден разговор е, учениците да поседуваат знаења поврзани со предметот на разговорот, а ваквата техника се комбинира и со други наставни техники како што се: вовед и прашања - одговори. Разговорот може да се реализира по одделни групи или во училница.

Разговор во група

Се предлага групите да се состојат од пет лица и да бидат мешовити што се однесува до полот. Наставникот им помага на учениците да ги постават основните оски и клучните прашања на разговорот и дава упатства во врска со одвивањето на разговорот, на пример сите ученици да ги изразуваат своите мислења, внимателно да се слушаат еден со друг, да го почитуваат времето итн. Исто така, ја советува секоја една група да определи еден ученик, кој ќе го координира разговорот во својата група и ќе се погрижи за почитување на процедурата, како и еден ученик кој ќе ги собере ставовите на својата група и ќе ги презентира во училница, а ги информира групите за времетраењето на презентациите. Кога разговорот во групата ќе заврши, би било препорачливо да се направи следното:

- Секоја група подготвува скратена презентација на своите резултати од разговорот, а исто така го проценува начинот по кој се извршени работите.

Разговор во училница

Наставникот го одредува започнувањето на презентациите. Претставниците на групите го презентираат резултатот на нивната работа во училница. Опкружени се со членовите на својата група, со цел сите да се чувствуваат одговорни и солидарни, како и полесно да се извршат дополнувања, доколку е потребно. Кога претставникот на групата заврши со презентацијата, може да се извршат дополнителни интервенции од останатите членови.

Следи претставникот на следната група итн.

На овој начин, се дава можност за споредување на ставови, збогатување, составување и проценка. Наставникот, во текот на разговорот во училница, посочува дека сите ставови се почитуваат, но истите треба да се доволно документирани со аргументи. Се грижи разговорот да остане фокусиран на прашањето и го анимира духот на учениците поттикнувајќи ги да се изразуваат со аргументи и без тенденција на конкуренција.

Исто така, го координира разговорот и им помага на учениците да ги состават изразените ставови на групите со цел изведување заклучоци. Со оваа постапка се има за цел:

- да се потенцираат одредени елементи коишто беа наведени,
- да се збогатат и се прошират некои од идеите кои беа изнесени,
- да се појаснат прашањата кои беа поставени,
- да се разговара по одредени резултати и,
- да се разгледаат евентуални последици и да се поврзат вредности.

Коментирање на фотографии

Користење и коментирање на фотографии претставува особено корисен инструмент за настава, бидејќи фотографиите го активираат интересот на ученикот, особено кога на интересен начин прикажуваат познато прашање. Во овој случај, ученикот може да поврзе претходни искуства и знаења со фотографијата.

Подготовка на соодветни прашања во однос на темата која се прикажува на фотографијата, претставува корисна техника во однос на:

- Проучување разни ставови за истата тема.
- Проучување вредности и ставови.
- Црпење прашања за разговор.

Проект за работа

Проектот претставува флексибилна наставна техника која се однесува на планирање и завршување на конкретна работа. Учениците коишто учествуваат во проект за работа, работат во училиште и во други средини за учење. Извори за информирање за реализирање на проектот претставуваат:

- Самата средина (секоја локална средина која е поврзана со прашањето на проектот може да се искористи за црпење информации во текот на проучувања на терен).
- Луѓето (претставници на служби, други јавни организации, продуктивни чинители, членови на локалното општество).
- Печатен и аудиовизуелен материјал итн.

Пристапот на прашањата кои што се проучуваат е системски и интерактивен. Во текот на реализирање на проектот се усвојуваат и посебни наставни техники како што се: проучување на терен, предавања, разговор, проучување на случај, картографирање на поими, опсипување на идеи, продискутирање, побарување информации, игра на улоги, дилема, анализа и појаснување на вредности, истражување на активност, контрола за средината, симулација, игри, експерименти итн.

Проучувањето на прашањето се врши на начин на кој, на крајот на работата се придружува и еден производ, на пример извештај, книга, манифестација.

Текот на развојот на проектот во училиште вклучува:

- Формирање група.
- Активирање на учениците за формулирање предложени прашања.
- Размена на мислење во врска со предложените прашања.
- Избор на тема.
- Оформување на рамка за развој на проектот, планирање и програмирање на работите.
- Реализирање.
- Завршување и прикажување на финалниот производ.
- Проценка на неговите резултати и постапката по која се одвиваше.

Во текот на реализирање на проектот се вметнуваат:

- Фази на повратни информации и решавање на евентуални проблеми на меѓучовечки односи или функционалност на групи.
- Фази на информирање и размена на мислења помеѓу членовите на групата, кои се однесуваат на проценката во однос на напредокот на работите и утврдување на понатамошниот тек.

Наставникот:

- Го води и насочува планирањето и реализирањето на работите.
- Создава предуслови кои му даваат можност да се повлекува од сцената на процедурите, а интервенира, како искусен советник, само доколку учениците имаат потреба од помош, посочувајќи евентуални начини за решавање на евентуални проблеми.
- Ја подготвува работата на терен, доколку е потребно.
- Дискретно учествува во водење и координирање на групата.
- Учествува во проценката.

Картографирање на поими

Оваа техника се однесува на прикажување поими и односи во шематски приказ. Картата на поими ги вклучува главните точки на информирање. Техниката беше развиена во 60-тите години од професорот Joseph D. Novak. Картите на поими преставуваат инструменти за организирање и прикажување на знаења. Една карта со поими преставува графички приказ на поими, каде што клучки преставуваат поими (поимите се опкружени со кругови или други форми) и поврзувања на односите помеѓу поимите. Поврзувањата помеѓу поимите се вршат со стрелки или линии и може да бидат еднонасочни или двонасочни. Често, една карта на поими може да биде збогатена со слики или шеми, со цел учениците да ги поврзат поимите кои се инволвирани, со нивното графичко прикажување.

Техниката им помага на учениците да организираат идеи или поими создавајќи поврзувања како и да прикажат поими и односи во шематски приказ со концентрирање на главните точки на информацијата. Се применува во обработката и разбирањето на комплексни теми, како што се, меѓудругото и проблемите со животната средина. Исто така, со оваа техника, учениците имаат можност да учествуваат во активна ментална постапка, бидејќи од нивна страна се бара концентрација, анализа, проценка и составување на расположивите информации.

Техниката е доста сложена и со цел да се примени успешно, неопходно е време, постепено воведување на учениците во креирање на карта со поими и вежбање. Поради оваа причина, за учениците кои што немаат претходно искуство се користат полуструктуирани карти за поими. Полуструктуирана карта за поими предлага основно подредување на поими, а ученикот се повикува, со дополнување нови поими и поврзувања да ја заврши картата. Во полуструктуирана карта исто така, се даваат и линиите за поврзување, т.е. стрелките кои ги поврзуваат поимите меѓусебно и зборовите за поврзување, т.е. зборови кои се пишуваат над линиите за поврзување (на пример “има”, “предизвикува” итн).

За формирање на карта со поими за одредено прашање, учениците ја следат долунаведената постапка:

1. Ги пронаоѓаат главните поими на темата (ги пребаруваат и евидентираат).
2. Подредуваат поими, утврдувајќи ја генералната и содржинската смисла, помалку општите и оделните поими, и поконкретите.
3. Ја цртаат картата:
   - Го поставуваат секој поим во круг или друга форма.
   - Под поимот ги пишуваат одделните поими.
   - Во долниот дел од шемата ги пишуваат поконкретните поими (и до колку се смета за целисходно, продолжуваат објаснувајќи со примери).
   - Цртаат линии за поврзување помеѓу поимите, кои согласно нивното мислење се поврзуваат.
   - Пишуваат, на секоја линија за поврзување, соодветни зборови за поврзување, кои го утврдуваат начинот на кој меѓусебно се поврзуваат поимите.

Во овие рамки се грижат поимите, заедно со нивните поврзувачки зборови, да формираат логични реченици.

- Ја завршуват картата, формирајќи нови односи помеѓу поимите кои во почеток евентуално не беа идентификувани.

Секоја група, откако ќе ја заврши својата карта ја споредува со картите на другите групи. Со споредбата, учениците евентуално пронаоѓаат грешки, пропусти, непрецизности и стекнуваат целокупна перцепција за прашањето. Повторно се состануваат и коригираат или ја збогатуваат својата карта со поими. На крај целото одделение може да креира една целокупна карта на поими (на пример на табла или на картон) за конкретна тема, на која карта се резимираат резултатите од целата обработка и дебата. Наставникот ги потикнува учениците да користат разни бои во картата за поими за да се направи дистинкција, на пример најважната причина на еден проблем со околината (со изразита црвена боја) најитната или најзначајна мерка која треба да се преземе (на пример со зелена боја). Препорачливо е, да се следи заедничко потенцирање со бои кај сите соодветни активности, со цел учениците да можат лесно и директно да ги споредат картите на поимите кои се осврнуваат на различни проблеми.

При оформување на картата на поими за една тема, наставникот:

- Им објаснува на учениците со примери, што се поими и кое е нивното значење во усмениот и писмениот говор.
- Поставува прашања со цел да им помогне да ги посочат клучните поими на темата, т.е. поими-клуч.
- Поставува прашања кои имаат за цел промовирање на односите помеѓу поими.
- Ги советува учениците да се обидат првично да ги поврзат соодветните поими со замислување, а потоа да ги презентираат на картата.
- Потсетува дека треба да се користат обични зборови и да бидат колку што е можно пократки и попрецизни кога изразуваат поими и поврзувачки зборови во картата за поими.
- Ги води учениците да креираат карти со поими на начин на кој истите се разбирливи од било кое лице кое подоцна треба да ги проучи.

5. Начини на користење на наставниот материјал

Наставниот материјал е структуиран на начин со кој се дозволува на наставникот истиот да го третира во зависност со постоечките услови, на пример искуствата на ученици, можности кои ги дава училницата, средствата на располагање, местото каде што се наоѓа училиштето, како и времето кое му е на располагање.

Наставниот материјал е изготвен на начин на кој може да биде искористен на разни начини. Наставникот може да го утврди, според своето мислење, времето кое е потребно за реализирање на активностите. Исто така, може адекватно да го прошири материјалот, на пример, во зависност од местото каде што се наоѓа училиштето. Ученици и наставници, при развојот на проектот, не се базираат само врз почетниот материјал туку имаат можност да го збогатат со нови податоци од локалната средина на ученикот како и од актуелноста.

Што се однесува до општото правило за организирање на наставната постапка, наставникот може, при примена на материјалот, да репродуцираат и да им поделат на учениците Работни Листови, а одредени од нив, согласно нивното мислење, може да се репродуцираат пооделно според одредени активности. За секој ученик се предлага да се формира лично работно досие, кое, како што се одвива наставата, ќе се збогатува со следниот материјал:

- Работни Листови
- Помошен материјал
- Дополнителен материјал кој евентуално ќе биде побаран од страна на ученикот
- Работа која ја создава ученикот или групата

Примена на целокупниот наставен материјал

Наставникот, може да го примени целокупниот образовен материјал како што е, значи да ги постави целокупните цели и да ги реализира сите Работни Листови. Реализирањето може да се врши во часови во и вон училишниот распоред, лично од наставникот или од група наставници од разни области.

Поконкретно од страна на наставникот може да се реализираат:

- Сите активности на наставниот материјал кои се содржани во Листови за Работа или.
- Одредени активности, по избор.

Примена на целина од наставен материјал

Наставникот, може да примени една од целините на наставниот материјал кои се однесуваат на конкретни екосистеми (на пример Б. "Прекуграничниот Преспа Парк") и да ги реализира целокупните активности кои се содржани во Работните Листови на целината. Но, во секој случај, се предлага наставникот да ги реализира заедно со своите ученици Работните Листови под А. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ГРАНИЦИ, Д. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕРЕН, и Ѓ. ЛОКАЛНОТО ОПШТЕСТВО СЕ ИНФОРМИРА.

Исто така, една целина на материјалот може да биде применета и во рамките на наставни посети: на пример со започнување на училишната година се планира наставна посета на Дојранското езеро, со тоа што учениците можат да реализираат во училиште и на терен соодветни Работни Листови.

Други користења на наставниот материјал во училиште

Наставникот, може да избере дел од наставниот материјал за да планира проект за едукација за животна средина. Исто така, може да го искористи за кратка училишна активност: на пример, во текот на еднодневна екскурзија на место кое е поврзано со прашањето или училишна прошетка, наставникот може да користи одбрани активности од наставниот материјал, на крај се охрабрува примената на наставниот материјал во секојдневната наставна пракса. Наставникот, може да користи одбрани активности или Работни Листови за да збогати прашања кои ги обработува во секојдневна наставна пракса, во рамките на Аналитичка Програма и да воведува прашања и активности кои се погодни за исполнување на целите на едукација за животна средина и едукација за одржлив развој во разни предмети од Аналитичка Програма.

Пошироко користење на материјалот

Наставниот материјал може да биде искористен и вон училиштето (на пример во Центри за едукација за животна средина, во Центри за Информирање, Музеј за физичка историја или други структури за толкување на животната средина). На крај, наставниот материјал може да биде искористен за семинари за обука на наставници во едукација за животна средина, со цел наставниците, во текот на нивната обука да се стекнат со знаења за прекуграничната соработка и да извежбаат современи наставни техники.

ДЕЛ Б

УПАТСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА РАБОТНИ ЛИСТОВИ

А. ЖИВОТНА СРЕДИНА И ГРАНИЦИ

01

Цели

- Да го разјаснат терминот “граница” и да го извежбаат неговото користење, во буквална и преносна смисла.
- Да ги разберат сложените зборови “прекуграничен”, “прекугранична”, “прекугранично” и да го извежбаат нивното користење.
- Да развијат способности за читање на карти.
- Да развијат способности за пребарување, составување и проценка на информации, како и критичко размислување

Материјали

Нотеси, моливи, политичка карта на Грција, политичка карта на ПЈР Македонија.

Дидактички забелешки

Активности 1-2. За да се сватат придавките “прекуграничен, прекугранична, прекугранично”, дајте различни именки кои ги придружуваат, на пример трговија (прекугранична трговија), региони (прекугранични региони), контрола (прекугранична контрола), река (прекугранична река), проект (прекуграничен проект) итн. Штом ќе се уверите дека учениците ги разбраа горенаведените термини, побарајте од нив самите да размислат околу именки кои одговараат со зборовите “прекуграничен”, “прекугранична”, “прекугранично”, и работејќи во мали групи, да формираат реченици. Примери на именки: линии, центар, проблем, активности, оска, конкуренција, регулирање, зона, клучка, транспорт, организација, пат, ниво, карта, соработка итн. Во овие активности се користи наставната техника “Разговор”.

Активност 3. Грција има копнени граници со Албанија, ПЈР Македонија, Бугарија и Турција.

Активност 4. Посочете им на учениците дека освен границите помеѓу државите, постојат и граници во внатрешноста на земјата. На пример, границите помеѓу административни региони, префектури итн. Исто така, граници постојат помеѓу сопствености, на пример граници помеѓу ниви и плацеви.

Активност 5. Примери на преносно користење на зборот “граница” се, на пример, “Љубовта непознава граници”, “Границите на светот и на сонот”.



Цели

- Да ги препознаат префектурите во двете земји кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.
- Да ги препознаат градовите и селата кои се наоѓаат по должина на прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија, како и најзначајните патишта кои ги поврзуваат двете земји.
- Да ги препознаат реките, езерата и планините кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.
- Да развијат способности за набљудување, читање на карти, работа во група и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, карта на прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија, географска и политичка карта на Грција, географска и политичка карта на ПЈР Македонија, компјутер, Интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Префектурите кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија се: а) за Грција: Тессалоники, Килкис, Пела и Флорина, а б) за ПЈР Македонија: Струмица, Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Прилеп, Битола и Ресен.

Активности 2-3. Индикативно, градовите кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија се: а) за Грција: Флорина, Тессалоники, Килкис, Мелити, Агиос Атанасиос, Лутраки, Аридеа, Ексаплатанос, Сосандра, Промахи, Гумениса, Аксиуполи, Поликастро, Евзони, Идомени, Дојран и б) за ПЈР Македонија: Охрид, Ресен, Битола, Могила, Новаци, Прилеп, Кавадарци, Демир Капија, Валандово, Гевгелија, Богданци, Дојран, Струмица, Босилово, Ново Село, Струга, Дебарца, Вевчани, Демир Хисар, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Неготино, Росоман, Дебар, Центар Жупа, Василево. Граничните премини во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија се Дојран и Веви.

Активност 4. Реки, езера и планини кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија се: планината Керкини (Белес) - Беласица, езерото Дојрани - Дојран, реката Аксиос - Вардар, планината Пајко - Поглед, планините Sена и Пиново - Кожуф, планината Ворас - Ниџе, планината Варнудас - Баба, езерата Мала и Голема Преспа - Преспа.

Активност 5. Охрабрете ги учениците да стапат во контакт со ученици од училишта на соседната земја. Информации за училиштата кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија, како и податоци за комуникација можете да добиете од Одговорните за Образование за Животна Средина од Второстепеното Образование на општините кои се наоѓаат во прекуграничниот регион како и од Интернет. Доколку е потребно, побарајте помош од професорот/професорката по англиски јазик.

Работен Лист | ...средината не соединува

03

Цели

- Да разберат дека природната средина непознава граници.
- Да ја разберат потребата за прекугранична соработка со цел решавање на проблеми кои се однесуваат на животната средина.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување и обработка на информации, внимателно слушање, прифаќање на мислења на другите, изразување различно мислење и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, географска карта на Европа, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор". Направете краток вовед во однос на границите на земјите и елементите на природната средина (планини, реки, езера, животни, воздух итн), кои непознаваат граници. Вашите забелешки ќе преставуваат поттик за развивање разговор во група.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на случајот".

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Игра на улоги". Помогнете им на учениците да ги анализираат придобивките и ризиците кои се резултат од работењето на фабриката. Охрабрете ги да размислат со насоки економијата, здравјето и околината. Инсистирајте на потребата за прекугранична соработка и објаснете ги причините.

Активност 4. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот", "Разговор" и "Пребарување на информации". Индикативно посочете дека мечката може да најде засолниште за нејзиниот зимски сон од една страна на границата, а да бара храна од другата страна на границата. Помогнете им на учениците да сватат што може да и се случи на мечката, волкот и рисот, три животни на кои им се заканува истребување, доколку не се заштитуваат доволно во некоја од државите каде што може да се сретнат. Разговарајте во училница за причините поради кои е неопходно државите да соработуваат за да се заштитат овие видови, и покрај тоа што секоја држава може да има различни законски регулирања за нивната заштита.

Работен Лист | Заштитени области и прекугранична соработка

04

Цели

- Да ја разберат смислата на "заштитен регион".
- Да ги разберат својствата кои треба да ги поседува еден регион за да биде карактеризиран како заштитен.

- Да го разберат значењето на прекуграничната соработка за одржување на заштитените региони кои се утврдуваат, во еден прекуграничен регион, посебно од секоја држава, како и за одржување на прекуграничните заштитени региони.
- Да ги запознаат заштитените региони кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија како и прекуграничните заштитени региони во еден конкретен регион.
- Да развијат интерес и позитивни ставови за заштитените региони во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.
- Да развијат способности за работа во група, проценка на информации, читање на карти и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, карти на заштитени региони во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користи наставната техника "Опсипување на идеи". Направете краток вовед во врска со елементите на природната средина на еден регион (на пример шуми, реки, езера, животни, растенија итн) на кои им се заканува истребување и имаат потреба од заштита. Вашите забелешки ќе преставуваат поттик за разговор во училница.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Учениците бараат на Интернет или преку други извори информации и фотографски материјал за двата случаи на заштитени региони во Грција и соседните земји. Индикативно, во Грција двата заштитени региони се: Преспите и Планината Ворас, а во ПЈР Македонија: Националниот Парк Пелистер и Националниот Парк Маврово.

Активност 3. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Разговор" објаснете им на учениците разликата помеѓу заштитените региони кои посебно се утврдуваат во секоја земја, а се наоѓаат во прекуграничен регион и прекуграничните заштитени региони.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Активност 5. Во Грција и во ПЈР Македонија, прв прекуграничен заштитен регион е Прекуграничниот Преспа Парк (Грција, ПЈР Македонија, Албанија).

Активност 6. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Побарајте од учениците да се поделат во толку групи колку што се и заштитените региони во прекуграничниот регион, да побараат информации за статустот на заштита кој важи за секој еден од нив, да побараат фотографски и друг материјал и да создадат по еден постер за секој регион.

Б. ПРЕКУГРАНИЧЕН ПРЕСПА ПАРК



05

Цели

- Да развијат способности за читање карти.
- Да ги запознаат езерата Мала и Голема Преспа и планините, реките и населените места кои се наоѓаат во близина двете езера.
- Да разберат дека езерата Мала и Голема Преспа се прекугранични.
- Да развијат личен интерес за понатамошно истражување на прашањето.
- Да запознаат митови, легенди и преданија кои се поврзани со Преспанските Езера.
- Да разберат дека Преспанските Езера се тесно поврзани со народното предание и во трите земји, факт кој ја покажува нивната значајност за животот на нивните жители.
- Да развијат способности за работа во група, набљудување, пребарување, обработка и проценка на информации, усмено и писмено изразување и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет, географска карта на езерата Мала и Голема Преспа.

Дидактички забелешки

Активност 1. Можете да ја дадете географската карта на езерата Мала и Голема Преспа на учениците, и да им предложите самите да побараат на Интернет (на пример Google Maps, Google Earth). Помогнете им да ги индетификуваат планините, реките и населените места кои се наоѓаат во регионот на езерата. Заначајно е да забележат дека регинот на езерата "се дели" помеѓу трите држави (Грција, ПЈР Македонија и Албанија).

Активност 2. Езерата во Грција се нарекуваат како "Преспес", во ПЈР Македонија како "Преспа" и во Албанија како "Prespë".

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Помогнете им на учениците да стапат во контакт со некое училиште од соседните земји со цел да добијат информации во врска со Преспите. Прашањата кои сакаат да ги постават треба да бидат претходно испланирани.

Активност 4. Распрашајте дали некој ученик ги има посетено Преспите и охрабрете го да го презентира своето искуство во училница со донесување материјал од посетата (на пример слики, сувенири итн), кои што ги има донесено од посетата. Дајте му доволно време да го презентира своето искуство.

Активност 5. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Работен Лист | Прекуграничен Преспа Парк

06

Цели

- Да разберат дека Преспанските Езера се заштитуваат од секоја една од државите на кои им припаѓаат.
- Да дознаат за посебниот статус на заштита на Преспите кој важи во секоја земја.
- Да се информираат за создавањето на Прекуграничен Преспа Парк, да го сватат начинот на неговото функционирање како и значењето за одржување и одржливо управување на Преспите.
- Да го разберат значењето на создавање прекугранични заштитени региони.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, обработка и проценка на информации, писмено или усмено изразување и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет.

Дидактички забелешки

Активности 1-4. Во овие активности се користат наставните техники "Пребарување на информации", "Проучување на случајот" и "Разговор".

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Помогнете им на учениците да стапат во контакт со организации за животна средина кои учествуваат во Координативниот Комитет на Преспа Парк и да ги истражат своите ставови и размислувања. Прашањата кои сакаат да ги постават треба да бидат претходно испланирани како и да состават план за интервју со персоналот на организациите.

Работен Лист | Животот во Преспите

07

Цели

- Да се стекнат со знаења за растенијата и животните кои живеат во Преспанските Езера.
- Да го разберат значењето на ендемски, ретки, и видови на кои им се заканува истребување, како што е Преспанската пастрмка, како и планинскиот чемпрес, карактеристични видови за двете езера.
- Да оформат позитивни ставови за заштита на растенијата и животните кои живеат во Преспанските Езера.
- Да се извежбат во проучување информации и да развијат способности за комуникација и соработка, критичко размислување, писмено и усмено изразување зајакнување на самодовербата и креативна фантазија.



Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет, материјали за создавање постер (на пример картон, лепило, маркери).

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување информации" и " Разговор". Конкретната активност има за цел учениците да сватат дека во езерата живее мноштво видови животни. Поттикнете ги да побараат информации за животните во езерата во училишната библиотека, на интернет или од одбрани организации и служби (на пример Грчко Друштво за Преспите, Фонд за Управување со Национален Преспа Парк).

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Игра". Решението на крстозборот е: бел пеликан, клен, голем нуркач, далматински пеликан, сива гуска, мечка, волк, корморан, барска шатка, крап, видра, мрена, голема бела чапла, шатка свирец.

Активност 3. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување на информации" и "Разговор". Истакнете го значењето на ендемските видови како составни делови на биодиверзитетот во планетата. Разоварајте во училница во врска со потребата за заштитата на ендемските видови. Не заборавајте да забележите дека еден ендемски вид не е неопходно да претставува вид на кој му се заканува истребување. Тоа зависи од популацијата на видот во регионот каде што живеее како и од неговата распространетост (ендемски вид во тесни граници и ендемски вид во широки граници). На крај посочете дека под било какви услови и на било каков начин, истребувањето на видот од екосистемот се очекува да предизвика промени во самиот екосистем.

Дефиниција

Како ендемски вид се утврдува видот кој што живее само во еден разграничен географски простор каде што е создаден. При користење на терминот неопходно е да се утврдува просторот, на пример ендемски преспански вид, ендемски вид на Грција, ендемски вид на Јужен Балкан.

Објаснете им на учениците дека е значајно да ги презентираат резултатите од нивната работа за Преспанските Езера, функционирајќи се како размножувачи на знаењето за нивните соученици. Објаснете им дека текстот кој ќе го состават треба да биде краток, јасен и разбирлив.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на случајот".

Активност 5. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот", "Разговор", и "Пребарување на информации". Помогнете им на учениците да стапат во контакт со еколошки организации кои учествуваат во Координативниот Комитет на Преспа Парк и да ги истражат своите мислења и ставови. Прашањата кои сакаат да ги постават треба да бидат претходно испланирани како и да состават план за интервју со персоналот на организациите.

Активност 6. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Пребарување на информации". Помогнете им на учениците да ги разберат Преспите како место од историска и културна вредност. Поттикнете ги учениците да стапат во контакт со училиште од соседната земја

Активност 7. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на терен".

Работен Лист | Со цел постигнување одржливост…

08

Цели

- Да ги дознаат занимањата на жителите во трите земји околу езерата и да го сватат значењето на езерата Мала и Голема Преспа за животот на жителите на трите земји.
- Да разберат на кој начин активностите кои се изведуваат во регионот можат да придонесат во неговиот одржлив развој.
- Да развијат позитивни ставови во активности (на пример екотуризам), кои придонесуваат во одржливото управување на заштитените региони како што се Преспите.
- Да ги сватат мислењата на жителите за заштитата на Преспите.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, обработка и проценка на информации, писмено и усмено изразување и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување на информации" и "Разговор". Главните занимања на жителите се однесуваат на дејности поврзани со земјоделство, сточарство, сечење на дрва и туризам.

Активност 2. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Разговор". Охрабрете ги учениците да стапат во контакт со Координативниот Комитет.

Активност 4. Помогнете им на учениците да ги подготват прашањата од Прашалникот и охрабрете ги да ги коментираат мислењата кои ги евидентираа. Исто така, помогнете им на учениците да стапат во контакт со жители од регионот.

B. ПРЕКУГРАНИЧНИ ВОДИ

Работен Лист | Водата не познава граници

09

Цели

- Да разберат дека природата непознава административни граници и дека многу реки и езера во планетата не се ограничуваат во границите на државите.
- Да ја разберат прекуграничноста на многу реки и користењето на нивните води од земјите низ кои поминуваат.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, обработка, и проценка на информации, внимателно слушање, усмено изразување, изразување мислења и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет, светска географска карта.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување на информации" и "Разговор". Поттикнете ги учениците да евидентираат кои други елементи на природата, освен водата, непознаваат граници.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации".

Активност 3. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување на информации" и "Разговор".

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Работен Лист | Проблемот патува, меѓународната заедница се активира

10

Цели

- Да ја разберат неопходноста за развој на соработка на национално и меѓународно ниво за заштита и одржливо управување на водите.
- Да запознаат меѓународни организации кои се занимаваат со прашања на заштита на околината и управување со водите.
- Да дознаат за постоење на правни текстови (на пример меѓународни договори, Директиви) за управување на водите, а особено на прекуграничните води.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, обработка и проценка на информации, внимателно слушање, писмено и усмено изразување, изразување мислење и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет, карта на Европа.

10

Дидактички забелешки

Активности 1-2. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Разговор".

Активност 3. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување на информации" и "Разговор".

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Дебата". Охрабрете ги учениците да побараат податоци со кои се зацврстуваат ставовите кои ги усвојуваат.

В. 1. ПРЕКУГРАНИЧНИ ВОДИ: СЛУЧАЈОТ НА РЕКАТА ВАРДАР

Работен Лист | Истражувајќи ја реката Вардар

11

Цели

- Да развијат способности за читање на карти.
- Да ја запознаат реката Вардар и планините кои се наоѓаат во нејзиниот поширок регион.
- Да ги запознаат градовите и населените места кои се наоѓаат по должината на реката Вардар во двете држави.
- Да разберат дека реката Вардар е прекугранична, извира во ПЈР Македонија и се влева во Грција.
- Да ги запознаат посебните екосистеми кои ги создава реката Вардар во нејзиното течение до морето, а особено во нејзиното устие.
- Да го разберат значењето на реката за животот на двата народа.
- Да развијат личен интерес за понатамошно истражување на прашањето.
- Да развијат способности за работа во група, внимателно слушање и набљудување, креативна фантазија, изразување мислења, организирање на проучување на терен и критичко размислување.

11

Материјали

Нотеси, моливи, географска карта на Грција, географска карта на ПЈР Македонија, компјутери, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Можете да им дадете на учениците географска карта на која се гледа текот на реката Вардар и да им предложите самите да ја побараат на интернет (на пример Google Maps, Google Earth). Помогнете им да ги индентификуваат планините кои се наоѓаат во поширокиот регион на реката. Многу е значајно да забележат дека реката е прекугранична, бидејќи извира во ПЈР Македонија и се влева во Грција, т.е. дека двете држави ја "делат" реката. Други прекугранични реки во регионот Грција - ПЈР Македонија не постојат, но Грција "дели" реки и со други соседни земји, како на пример со Албанија ја дели реката Аоос, со Бугарија реките Стримонас и Нестос, со Турција реката Еврос.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Поттикнете ги учениците да побараат информации за името на реката, како и за легенди, митови и народни преданија во училишната библиотека, на интернет или од одбрани организации и служби (на пример тело за управување со делта на реката Аксиос - Лудиас - Алиакмонас).

Активност 3. Реките и воопшто водата се тесно поврзани со човекот од неговото појавување на земја. Водата ги покри неговите потреби за опстојување (нудејќи му вода за пиење, риболов итн), стана компас во неговите преместувања, го диктираше одредувањето на неговото постојано живеалиште, му понуди одбрана, била обожувана со стравопочит и вознесена а стана пат на комуникација но и граница, ја инспирираше културата и уметноста.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Грција има вклучено 10 водени биотопи во Листа на Водени Биотопи од Меѓународно значење од кои 2 се прекугранични (делта на реката Еврос и Преспанските Езера).

Активност 5. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Помогнете им на учениците да најдат книжевни дела, стихотворби, ликовни дела, слики, и други уметнички дела, кои како тема ги имаат реките или водата.

Активност 6. Истражете дали некој ученик потекнува од друга држава и поттикнете го да ги презентира, во училница, реките од својата земја. Дајте му доволно време да им се обрати на своите соученици.

Работен Лист | Користења, притисоци и проблеми на реката Вардар

12

Цели

- Да ги разберат главните користења на реката Вардар во секоја држава како и производствените активности кои се поврзани со ваквите користења.
- Да ги запознаат заканите со кои се соочува реката Вардар како и да ги истражат човечките активности кои ги предизвикуваат.
- Да ја разберат улогата на човекот во деградација на животната средина и квалитетот на животот.
- Да развијат проблематика за начините на надмиување на проблемите во околината.
- Да стекнат интерес кој може да доведе во позитивни ставови за одржување на реката.
- Да ја разберат потребата за прекугранична соработка помеѓу Грција и ПЈР Македонија за надминување на проблемите во околината како и унапредување на одржливото управување со реката Вардар.
- Да развијат способности за работа во група, изразување мислења, писмено и усмено изразување, критичко размислување и донесување одлуки.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на случајот". Реките му нудат на човекот повеќекратни придобивки. По повод реката Аксиос, разговарајте со учениците во однос на поширокото користење на една река, на пример црпење вода за водоснабдување и наводнување, пасење на водните ливади кои се простираат на неговите брегови, производство на електрична енергија, риболов итн.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Дебата".

Активност 3. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Пребарување на информации". Охрабрете ги учениците да побараат информации во училишните книги, на интернет или од еколошки организации и други чинители. Помогнете им да ги евидентираат заканите со кои се соочува реката Вардар. Одредени закани се однесуваат на следното: промена на користење на земјиштето, регулирања на течението, црпење големи количини вода, неконтролирано отворање на патишта, корозија на почвата, климатски промени, влевање на други материи, прекумерно користење на видови и екосистеми (на пример прекумерен риболов, прекумерно пасење), загадување (на пример отпадоци). Побарајте од учениците да ги диференцираат заканите во природни и антропогени и да ги коментираат. Обидете се да ги поврзете еколошките проблеми со човечките избори и современиот начин на живеење. Исто така, помогнете им на учениците да размислат кои општествени групи и кои организации се инволвирани во секој еден од проблемите со кои се соочува реката Вардар.

12

Решенијата може да содржат преземање мерки за управување (на пример ограничување на црпењето на водата за наводнување), примена на административни мерки (на пример спречување на загадување), како и усвојување на добри практики (на пример органско земјоделство и сточарство, управување со екосистеми итн). Промовирањето го значењето на одржливото управување со заштитените региони, објаснувајќи дека заштитата на еден регион не го исклучува извршувањето на производствени активности во него. Во зависност од возраста на учениците, осврнете се на три столбови на одржливиот развој т.е. во заштита на околината, во економскиот развој и социјалната кохезија.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Игра на улоги".

Работен Лист | Иницијативи и активности за реката Вардар

13

Цели

- Да станат способни да предлагаат мерки за надминување на проблемите.
- Да ја разберат потребата за соработка и активирање на локалните заедници.
- Да ја разберат улогата која може да ја одиграт локалните општества во одржување и управување со околината.
- Да развијат способности за работа во група, усмено изразување, креативна фантазија и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, материјали за постер-карта и брошура (на пример картон, маркери, лепило).

Дидактички забелешки

Активност 1. Оваа активност може да се развие во разговор и проблематика на учениците за улогата на граѓаните и можност за нивна интервенција во решавањето на проблемите со околината. Евентуални прашања за учениците се следниве: "Дали може секој граѓанин да дејствува сам?", "Што значи граѓанско движење?", "Во кои други случаи го имате слушнато користењето на терминот?" итн.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Картографирање на поими".

В.2. ПРЕКУГРАНИЧНИ ВОДИ: СЛУЧАЈОТ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО

Работен Лист | Истражувајќи го Дојранското Езеро

14

Цели

- Да развијат способности за читање на карти.
- Да го запознаат Дојранското Езеро и да ги препознаат планините, градовите и населените места кои се наоѓаат до Езерото.
- Да разберат дека Дојранското Езеро е прекугранично езеро како и дека се работи за заштитен регион.
- Да запознаат митови, легенди и преданија, кои се поврзани со Дојранското Езеро.
- Да стекнат знаења за историјата на езерото во разни историски периоди.
- Да развијат интерес за езерото.
- Да развијат способности за работа во група, внимателно слушање и набљудување, креативна фантазија, изразување мислења, организирање на истражување на терен и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, географска карта на Дојранското Езеро, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Можете да им дадете на учениците географска карта со Дојранското Езеро или да им предложите сами да го побараат езерото на интернет (на пример Google Maps, Google Earth). Помогнете им да ги идентификуваат планините и населените места кои се наоѓаат во поширокиот регион на езерото. Многу е значајно да забележат дека Грција и ПЈР Македонија "го делат" езерото.

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Објаснете им ја на учениците разликата помеѓу заштитени региони во прекуграничен регион и прекугранични заштитени региони.



14

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Езерото во Грција се нарекува како "Дојрани", а во ПЈР Македонија како "Дојран". Поттикнете ги учениците да побараат информации за името на езерото како и за митови и народни преданија во училишната библиотека, на интернет но и од локалните власти и локалното културно или еколошко здружение (доколку постои). Водата е тесно поврзана со човекот од неговото појавување на земја. Водата ги покри неговите потреби за опстојување (нудејќи му вода за пиење, риболов итн), стана компас во неговите преселби, го диктираше одредувањето на неговото постојано живеалиште, му понуди одбрана, била обожувана со стравопочит и вознесена а стана пат на комуникација но и граница, ја инспирираше културата и уметноста. Осврнете се на езерските населени места во Дојранското Езеро како и на други езера во државата (на пример Диспилио Касториа) како и на опишување на пловни живеалишта во Дојран, како што истите се даваат од страна на Пафсаниас.

Активност 4. Проверете дали некој ученик го има посетено езерото и поттикнете го да го прикаже своето искуство во училница со донесување материјал од посетата (на пример слики, сувенири итн), коишто ги има на располагање. Дајте му доволно време да го презентира своето искуство.

Работен Лист | Природата во Дојранското Езеро и нејзиното значење

15

Цели

- Да стекнат знаења за растенијата и животните во Дојранското Езеро.
- Да го разберат терминот "Видови на кои им се заканува истребување" и да се запознаат со малиот корморан и далматинскиот пеликан.
- Да стекнат интерес и да оформат позитивни ставови за растенијата и животите на Дојранското Езеро.
- Да развијат способности за соработка, комуникација, пребарување, проценка и обработка на информации, набљудување, креативна фантазија и изразување мислење.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Индикативно, растенијата кои живеат во вода се: водната леќа, воден крин, Myriophillum spicatum, Ceratophyllum demersum. Растенијата кои живеат на бреговите на езерото се: дивата трска, шамакот, рогозина, ирис, бела врба, бела топола и платанот. Растенијата кои живеат подалеку од езерото (во шумата Муриес) кои што се "жедни" за вода се: дабот и шаварот. Осврнете се на разни видови вегетација кои се развиваат во едно езеро, во зависност од абиотични фактори (на пример водна, барска и крајбрежна вегетација).

15

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Игра". Решението на крстозборот е: водната леќа, воден крин, дива трска, рогозина, шамак, ирис, врба, топола, платан, даб, шавар.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Поттикнете ги учениците да побараат повеќе информации за конкретните животни во езерото, на пример од печатени или електронски изданија, од интернет или со стапување во контакт со организации како што е Грчкото Орнитолошко Друштво и Грчкото Друштво за Заштита на Природата.

Активност 5. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Работен Лист | Користења и проблеми на Дојранското Езеро

16

Цели

- Да ги дознаат активностите на жителите околу езерото, во двете држави и да го сватат неговото значење за животот на двата народи.
- Да го разберат риболовот како значајна производствена активност, особено во минато, и да ги дознаат традиционални практики на риболов.
- Да ги разберат заканите со кои се соочува Дојранското Езеро и да ги поврзат со човечките активности од каде што потекнуваат.
- Да развијат проблематика за надминување на еколошките проблеми на езерото.
- Да разберат дека езерото е прекугранично и дека активностите на жителите од една држава имаат последици и во другата држава.
- Да ја разберат потребата за соработка, за Дојранското Езеро, помеѓу Грција и ПЈР Македонија.
- Да развијат способности за работа во група, креативна фантазија, пребарување, проценка и обработка на информации како и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Значајно е учениците да забележат дека риболовот во Дојранското Езеро нема веќе водечка улога како што некогаш имаше во економијата на регионот. Оваа дејност се врши дополнително со обработување на земја, кое преставува главно занимање на жителите од двете страни на границите. Исто така, дека отсуството на море како и големата длабочина на езерото од страна на ПЈР Македонија, ја зајакна улогата на езерото во развојот на туризмот. Езерото, и ден денес, прима голем број посетители.

16

Активност 2. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Пребарување информации".Помогнете им на учениците да ги подготват прашањата кои сакаат да ги постават на рибарите од регионот

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Активност 4. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и " Пребарување информации".

Активност 5. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Работен Лист | Заштитувајќи го Дојранското Езеро

17

Цели

- Да развијат проблематика за надминување на еколошките проблеми на езерото.
- Да оформат позитивни ставови за одржување и одржливо управување на Дојранското Езеро.
- Да развијат проблематика за начинот на инволвираност или интервенција на граѓаните во прашања кои се поврзани со одржување и одржливо управување со природните ресурси на нивниот регион.
- Да го разберат значењето на унапредување на активности кои го подобруваат одржливиот развој на регионот на Дојранското Езеро.
- Да ја разберат потребата од прекугранична соработка за надминување на проблемите на езерото.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, проценка и обработка на информации и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користат наставните техники "Разговор" и "Проучување на случајот". Помогнете им на учениците да размислат кои општествени групи и кои организации се инволвираат во изнаоѓање решенија и надминување на еколошките проблеми со кои се соочува езерото.

Активност 2. Во оваа активност се користат наставните техники "Разговор" и "Проучување на случајот". Помогнете им на учениците да размислат околу решенија со кои би можеле да им помогнат на општествените групи и организации за надминување на еколошките проблеми на езерото. Што се однесува до пречките за развој на прекугранична соработка, истите може да бидат на пример: различното законодавство, културните разлики и различниот јазик, кои може да претставуваат пречки во меѓусебното разбирање.

17

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор". Помогнете им на учениците да ги запознаат разните алтернативни видови на туризмот и да развијат проблематика околу тоа, кои видови може да бидат применувани во езерото. Промовирајте го значењето на одржливото управување на заштитените региони и објаснете дека заштитата на регион не исклучува извршување на производствени активности во него, како што е туризмот.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Картографирање на поими".

Работен Лист | Иницијативи и активности за Дојранското Езеро

18

Цели

- Да се информираат за обидите за соработка на чинители од двете држави за Дојранското Езеро.
- Да развијат проблематика околу начините на инволвираност или интервенција на граѓани во прашања кои се поврзани со одржување и одржливото управување на природните ресурси на нивниот регион.
- Да истражат и да развијат проблематика за односот кој треба да го развијат надлежните чинители за управување со локалното општество.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, проценка и обработка на информации, креативна фантазија и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет, материјали за создавање постер (на пример картони, ножички, лепило, материјали за цртање).

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на случајот". Помогнете им на учениците да размислат и да изразат идеи кои би можеле да ги поттикнат општествените групи и организации за заштита и управување на Дојранското Езеро и во двете земји.

Активност 2. Индикативни активности се: создавање блогови, соработка на училишта за разни прашања поврзани со езерото, организирање манифестации, работилници, конгреси за прашања кои се однесуваат на езерото, заеднички движења за прашања кои се поврзани со заканите со кои се соочува езерото итн.

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Игра на улоги". Поделете го класот во толку групи колку што се и општествените чинители кои што ќе бидат застапени. Секоја група ја презема обврската да ги организира своите аргументи за да го поддржи својот став за или против предлогот да се изгради хотелот. При обработката на аргументите потсетете ги учениците дека Дојранското Езеро е заштитен регион.

Г. ПЛАНИНСКИ МАСИВИ

Работен Лист | Планинските масиви не поврзуваат

19

Цели

- Да развијат способности за читање на карти.
- Да ги запознаат планинските масиви кои се наоѓаат во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.
- Да го запознаат планинскиот масив Баба и да ги препознаат населените места и градовите кои се наоѓаат до него.
- Да разберат дека Баба е прекугранична планина како и дека се работи за заштитен регион.
- Да стекнат знаења за фауната и флората на планинскиот масив Баба.
- Да го разберат статусот на заштита на планинскиот масив во двете земји.
- Да развијат способности за работа во група, внимателно слушање и набљудување, креативна фантазија, изразување мислења, пребарување, проценка и обработка на информации, организирање истражување на терен и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, географска карта на регионот, географска карта на прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија, географска карта на Грција и ПЈР Македонија, компјутери, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. На учениците можете да им ја дадете географската карта на регионот или да им предложите самите да побараат на интернет (на пример Google Maps, Google Earth). Помогнете им да ги идентификуваат главните населени места во двете земји.

Активност 2. Во оваа активност се користат наставните техники "Проучување на случајот" и "Пребарување информации". Низ Грција поминуваат две големи европски планинарски патеки, Е4 и Е6.

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Можете да им ја дадете на учениците географската карта на прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија или да им предложите самите да побараат на интернет (на пример Google Maps, Google Earth). Помогнете им да ги индентификуваат планинските масиви кои ги делат двете земји (на пример Баба, Ниџе, Кожув, Поглед, Беласица).

Активност 5. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации".

Активност 7. Во оваа активност се користи наствната техника "Истражување на терен".

Работен Лист

Производствени активности во планинсите масиви

20

Цели

- Да ги препознаат занимањата на жителите на планинските места на прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.
- Да бидат способни да ги поврзат занимањата на жителите со посебните услови на местото и природната средина на планинските места.
- Да го сватат значењето на промовирање активности со кои се унапредува одржливиот развој на прекуграничниот регион (на пример алтернативни видови на туризмот).
- Да стекнат способности за пребарување, проценка и обработка на информации, критичко размислување и работа во група.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користат наставните техники "Пребарување на информации" и "Разговор". Учениците бараат информации во публикации како и на интернет во врска со занимањата на жителите на планинските места на прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор". Разговарајте со учениците во врска со поимите "масовен туризам", "одржлив туризам", "алтернативни видови на туризам" и друго. Помогнете им да ги идентификуваат нивните главни карактеристики. Поттикнете ги да развијат проблематика во врска со последиците кои може да ги има секаков вид на туристички развој, преку пример на планинските масиви во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија.

Работен Лист

Мечка, волк, рис: видови животни на планински масиви на кои им се заканува истребување

21

Цели

- Да ја запознаат мечката, волкот и рисот и да стекнат знаења за нивните посебни карактеристики.
- Да разберат дека планинските масиви во прекуграничниот регион Грција - ПЈР Македонија претставуваат значајни хабитати за видовите на животни на кои им се заканува истребување и да го сватат значењето на конкретните региони за опстојување на ваквите видови.
- Да развијат интерес и позитивни ставови за одржување на видови животни на кои им се заканува опасност од истребување.
- Да развијат способности за работа во група, пребарување, проценка и обработка на информации, критичко размислување и креативна фантазија.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет, материјали за создавање постер (на пример картон, лепило, материјали за цртање).

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации".

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации". Разговарајте со учениците во врска со проблемите кои произлегуваат од постоење различен статус на заштита за еден вид во еден прекуграничен регион како и придобивките од постоење на заеднички правила за негово одржување.

Активности 4-5. Во овие активности се користи наставната техника "Разговор".

Активност 6. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување на информации".

Активност 7. Во оваа активност се користи наставната техника "Дебата". Поделете го класот во групи, а на секоја група дајте по еден лист бела хартија на кој пишува "За" или "Против". Треба да биде јасно дека во разговорот ќе го поддржат ставот кој им се падна (За или Против) независно од тоа дали ваквиот став се поистоветува со нивните лични ставови. Учениците создаваат листа со аргументи со кои се поддржуваат нивните ставови. На пример:

"За"

- Волкот претставува значаен елемент за екосистемот. Се наоѓа на врвот на прехранбениот комплекс и е неопходен за балансот на екосистемот.
- Волкот ги јаде особено болните, изнемоштени и стари животни, а на тој начин се одржуваат здрави популациите на животните кои се хранат со растенија.

"Против"

- Волкот ги напаѓа стадата на животните кои ги одгледува човекот.
- Волкот е опасен за човекот.

Дајте им на учениците доволно време за работа за да ги подготват нивните аргументи за разговор.

Активност 8. Во оваа активност се користи наставната техника "Дилема".

22

Цели

- Да го разберат значењето и неопходноста на прекуграничната соработка помеѓу две или повеќе држави за заштита на околината.
- Да ги разберат тешкотиите и придобивките кои произлегуваат од развојот на прекуграничата соработка за одржување на биодиверзитетот.
- Да развијат способности за работа во група, креативно изразување, пребарување, проценка и обработка на информации, преземање иницијативи и критичко размислување.

Материјали

Нотеси, моливи, компјутери, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 1. Во оваа активност се користи наставната техника "Разговор".

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на случајот". Информациите во однос на тешкотиите и придобивките кои произлегуваат од прекуграничната соработка можете да ги добиете од Информативниот Текст.

Активност 3. Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на случајот".

Активност 4. Во оваа активност се користи наставната техника "Пребарување информации". Информациите за еколошките организации кои работат во двете држави можете да ги добиете од Материјалот за Поддршка (помошен материјал).

Активност 5. Во оваа активност се користи наставната техника "Игра на улоги".



Д. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕРЕН

23

Цели

- Да станат способни за пристап во еден регион со сите сетила.
- Да станат способни да организираат и реализираат проучувања на терен.
- Да развијат способности за ориентација во простор, забележливост, работа во група, изразување мислења, писмено и усмено изразување, критичко размислување, креативна фантазија, донесување одлуки и решавање проблеми.

Материјали

Карта на регионот кој се избира за посета, фотографски апарат, двоглед, нотеси, моливи, материјали за цртање, картони, ножички, лепило, популаризирани водици за препознавање на растенија и животни.

Дидактички забелешки

Во оваа активност се користи наставната техника "Проучување на терен".

А. Подготовка

Се смета за целисходно да ги инволвирате учениците во подготовка на посетата на регионот за проучување. Истакнете го значењето на многу добра подготовка за постигнување на оптимален резултат.

Б. На терен

Активности 1-7. Охрабрете ги учениците да го откријат регионот на проучување, следејќи ги сетилата и нивната фантазија. Мирисот, слухот, допирот, видот и вкусот се активираат со обични активности, кои учениците може да ги реализираат, индивидуално или во група. За да можат да ги слушнат звуците на животните и да ги сватат нивните движења, треба да бидат тивки. Побарајте од нив да останат тивки за неколку минути, со затворени, но и со отворени очи. Објаснете им го користењето на популаризирани водици за препознавање на растенија и животни и помогнете им да ги препознаат растенијата и животните на регионот.

Активност 8. Побарајте од учениците да ги забележат човечките активности во регионот на проучување и да разговараат за притисоците кои може да ги извршат ваквите активности во околината. Посветете доволно време со цел учениците да да развијат проблематика за секаква човечка интервенција која ја сметаат за позитивна или негативна. Помогнете им да ги изнесат причините поради кои ја сметаат интервенцијата за позитивна или негативна, но и да ги истражат нивните последици за околината. За негативните интервенции поттикнете ги да предложат решенија со цел да се спречат последиците.



Ѓ. ЛОКАЛНОТО ОПШТЕСТВО СЕ ИНФОРМИРА

Работен Лист | Резимирам, информирам, соработувам

24

Цели

- Да станат способни да обработуваат, проценуваат и составуваат информации.
- Да станат способни да го пренесат нивното знаење и искуство на трети лица (на пример училишна заедница, локално општество).
- Да станат свесни за заштитата на околината и да преземат соодветни иницијативи, на соодветно ниво.
- Да развијат вештини за користење на компјутер и реализирање на презентации.
- Да развијат способности на самодоверба, креативно изразување, преземање иницијативи и организирање манифестации.

Материјали

Нотеси, моливи, картони, ножички, лепило, материјали за цртање, компјутер, интернет.

Дидактички забелешки

Активност 2. Во оваа активност се користи наставната техника "Проектирање на работа - проект".

Περιβάλλον χωρίς σύνορα

Животна средина без граници

ISBN 978-960-7511-36-2